...вавно претпријатие за комунални
дејности "Огражден" п.о.
Бр 01-401/1
27.12 2016 год
Босилово

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК



# ЈПКД ``ОГРАЖДЕН``- п.о.БОСИЛОВО

Архивски знак: 0102
Рок на чување: трајно
05.03.2017 год. Потпис

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА И ПЛАН ЗА РАЗВОЈ
# НА ЈПКД ``ОГРАЖДЕН``- п.о.БОСИЛОВО ЗА 2017 ГОДИНА

БОСИЛОВО 2017 ГОД.

**Програма за работа и план за развој на ЈПКД „ Огражден „ Босилово**

ЈПКД„Огражден"-Босилово почетоците на своето работење ги бележи од 10.09.2001година со одлука донесена од страна на Советот на Општина Босилово.

ЈПКД„Огражден"-Босилово е претпријатие основано заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Босилово, и заради чиј интерес претпријатието е должно дејностите да ги врши трајно без прекин и неговата работа е јавна.

Раководните органи на претпријатието се: Управен одбор, Одбор за контрола на финансиско и материјално работење и Директор.

Управниот одбор е орган со кој се управува претпријатието и ги има сите овластувања во согласност со Закон да превзема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите поради кои е основано Претпријатието.

Како главна и основна дејност на ЈПКД„Огражден"-Босилово е собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење.

Снабдувањето со вода за пиење подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.

Во однос на организационта поставеност е функциолално поделен за извршување на сите активности во тековното работење на начин со кој се обезбедува:

- Техничко-технолошко и економско единство на системот;
- Ефикасност во работењето;
- Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот развој на стопанството;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Трајно уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги;
- Самостојност во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во регионот, земјата и странство;

Поделбата во претпријатието е извршена на следниве сектори со нивните одделенија:

- **СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ**
  **- ОДДЕЛЕНИЕ- ФАБРИКА ЗА ВОДА**
  **- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ**
- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНА ХИГИЕНА
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРО ОДРЖУВАЊЕ

- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ**
  - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИСКА ОПЕРАТИВА
  - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
- **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
  - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ
  - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## СЕКТОР ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ ОБЈЕКТИ, ПРОИЗВОДСТВО И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Работењето на овој сектор за 2017 година ке се врши преку тимска и организирана работа сведена во низа активности насочени кон следните области :

1. Контрола на состојбата на водоводната мрежа
2. Приклучок на новопријавени корисници
3. Монтажа на нови водоводни линии
4. Поправка на водомери и санирање на дефекти
5. По налог за исклучување ке се врши исклучување на корисниците со поголеми долгови
6. Формирање на подземен катастар
7. Преработка и дистрибуција на вода за пиење

Секојдневното одржување на водоводната мрежа ке придонесе за брзо отстранување на поголеми дефекти (загуба на вода, пукање на главни и споредни вентили, поправка на стакло од водомери, мали вентили, холендари од водомери и друго.)
Во текот на 2017 година по барање на граганите кои имаат уплатено ке вршиме приклучување на нови корисници на водоводната мрежа со приготвување на потребната документација за таа намена, и тоа во просек околу 50 нови приклучоци годишно.
Исто така во населените места Моноспитово, Иловица и Штука се градат дополнителни нови линии за водоснабдување од каде што веке е во тек поставувањето на водомери на досега поставената нова мрежа во населеното место Моноспитово а во текот на 2017 ке се продолжи со. Во населените места Иловица и Штука во план е да се отпочне со нови приклучоци на новата водоводна мрежа која треба да биде во целост поставена во 2017година се со цел граѓаните од тие населени места добијат чиста и здрава вода за пиење.

За реално фактурирње на потрошената вода потребно е точно мерење односно исправност на мерните инструменти (водомерите).
Во зависност од бројот на дефектите и активноста на водоинстелаторите, ке се врши демонтажа на водомери и истите ке бидат баждирани и повторно монтирани.
По налог ке се врши исклучување на корисниците кои редовно не си ги плакаат сметките, ке се врши исклучување на диви приклучоци кои се пријавени од инкасаторите или откриени од водоинстелаторие или трети лица.
Со изградба на нови водоводни линии и нови приклучоци потребно е нивно вметнување во евиденција- подземен катастар
За извршување на работата под горенаведените точки потребен е и соодветен алат и основни средства. ЈПКД„Огражден„Босилово засега располага со возила пи-кап и ТАМ-камион со кое ги врши секојдневните потребни работи но за поефикасно извршување на обврските ќе биде набавен и потребен квалитетен алат се со цел да бидеме точни и навремени со извршувањето на работните задачи.
Секторот за водоснабдителни објекти, производство и третман на вода за пиење е носител на главната активност на претпријатието а тоа е
***СНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО СО ВОДА.***
Работата на овој сектор е обемна и ги опфаќа сите технички активности на претпријатието. Овој сектор е поделен на следните одделенија:
-Одделение за водоводна мрежа и приклучоци
-Одделение-фабрика за преработка на вода
Секое одделение има раководител на одделението кој врши надзор на своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат во истото работење. Раководителот на сектор одговара пред Директорот за сите активности во тековното работење на претпријатието.
Во овој сектор се извршуваат задачите за решавање на техничките проблеми, систематски преглед и редовно одржување на водоводната мрежа и решенија за нови приклучоци, издавање потврди(согласности) за постоечка, предвидена и проектирана подземна хидротехничката инфраструктура (водоводна), со нејзини технички карактеристики, исправноста на водата за пиење, секојдневна контрола на водата за пиење од определените мерните места, санитарно - хигиенска контрола и надзор над објектите за водоснабдување, обезбедување на објектите, редовна и

периодична контрола на мерните инструменти - водомери, замена на постоечки мерни инструменти, и др.

Под систем за водоснабдување на населението со секогаш хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки на зафаќање на вода за пиење - извори со каптажи, бунари, зафати од акумулации, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.).

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем.

Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сурова и преработена вода, кои се протегаат од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури,објектите и уредите на нив.

Цевоводите се делат на магистрални цевоводи (главни доводи), примарна (дистрибутивна) и секундарна мрежа, терцијарна мрежа (куќни приклучоци).

Во согласност со техничките прописи и барања за експлоатација и одржување на цевоводите се вградуваат затворачи, воздушни вентили, редуктори на притисок,хидранти, испусти, мерни уреди и др.

Со цел да се обезбеди редовно и уредно одржување на водоводната мрежа неопходно е да се утврди степенот на приоритет и значењето на одредни објекти во рамките на дадениот систем, а со тоа и видот, начинот и зачестеноста на активностите и нивното одржување.

Основни критериуми за утврдување на категоријата на објектите се:

- Профил на цевоводот;
- Вид на материјалот од кој направен цевоводот;
- Локација на цевоводот (дали е во урбанизиран дел од градот или не);
- Старост на цевоводот;
- Техничка состојба на цевоводот;
- Притисок на цевоводот;
-Значење на потрошувачите кои се приклучени на сопствен цевовод (болници, училишта);

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата). Со цел остварување на овие принципи, треба да се настојува следното:

-Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и станбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на котрола на изведувањето на потребните работи во рамките на редовно и инвестиционо одржување;

-Навремено превземање на сите мерки околу замена на одредени цевоводи или делови од мрежата;
-Редовно испитување и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа,заради одржување на оптималниот режим и благовремено да се превземаат неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;
-Брзо и организирано одстранување на настанатите дефекти;
-Секојдневно испитување на квалитетот на испорачаната вода;
-Планско работење и испитување на причините за губитоците на вода и нивно намалување.

## ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПРИКЛУЧОЦИ

**ОПИС НА РАБОТИТЕ**

Одржувањето на водоводната мрежа подразбира систематски преглед на дистрибутивната мрежа кој вклучува: периодична контрола на мрежата, контрола на затварачи на сите профили, контрола на пожарни хидранти, контрола на воздушни вентили, контрола на арматури во шахти на мрежата и контрола на приклучоци.

Покрај систематскиот преглед се врши и редовно одржување на дистрибутивната мрежа кое подразбира: одржување на водомерни шахти, на приклучни цевки, на воздушни вентили, испусти и пожарни хидранти, санирање на дефекти на цевководи, систематско мерење на притисокот, генерално промивање на мрежата,поврзувања и реконструкции за потребите на граѓаните и стопанството и сл.

Активности на одделението за одржување и изградба на водоводи и во 2017година ќе бидат:

- Систематски преглед на мрежата и редовно и тековно одржување на водоводната мрежа и обезбедување со квалитетна вода за пиење;
- издавање хидротехнички услови (со кои се дефинираат услови за приклучување на водоводните мрежи, по поднесено барање);
- издавање решенија за нов водоводен приклучок и разни писма, дописи и одговори на барања;
- увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;

- приклучување на правни и индивидуални објекти на водоводна мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- отстранување дефекти на дистрибутивната мрежа и сл.

**ПОТРЕБНА РАБОТНА СИЛА**

Бројот на извршители кои се непосредно вклучени во одржувањето на водоводната мрежа во груби рамки се утврдува според неколку критериуми:

Број на вработени на 1000 приклучоци

Продадена вода во 1000 м3/година /вработен

Должина на водоводната мрежа на вработен км/вработен

**-Одржување на водоводните мрежи**

Редовно одржување

Под редовно одржување ги подразбираме сите работи на систематскиот преглед и на помали поправки на водоводната мрежа и на уредите на неа, при што не доаѓа до подолг прекин на водоснабдувањето. Цел е навреме да се отстранат сите воочени недостатоци, да се спречат поголеми дефекти и мрежата да се орджува во функционална и техички исправна состојба.

Во редовно одржување спаѓаат следните работи:

- Систематски преглед на водоводната мрежа
- Поправка на пукнатини и затворање на отворите на ѕидовите
- Поправка на дефекти на спојките
- Заптивање и замена на одредени делови на затворачи и хидранти
- Замена на хидрантски капи, вградени гарнитури
- Поправка на станбените приклучоци
- Поправка на јавните чешми
- Испирање на мрежата
- Чистење на арматурата од корозија и заштита со боење

Во систематски преглед на мрежата спаѓаат следните активности:

- Визуелен преглед на трасата на мрежата
- Контрола на исправност на затворачите и хидрантите
- Контрола на исправност на шахтите и уредите вон нив
- Контрола на исправност на воздушните вентили
- Проверка на редуцир вентилите
- Проверка на станбените приклучоци и арматурите во водомерните шахти

**Инвестиоционо одржување**

Под инвестиционо одржување подразбираме поголема поправка на мрежата како што се: замена на арматура, замена на една или повеќе цевки, поголеми

поправки на шахтите и др. Во смисла на инвестиционо одржување можат да се заменат поради дотраеност на цевоводот и комплетни делници, но не и подолги од 50 м. Поголеми зафати на цевоводот имаат карактер на инвестиција.
Вакви инвестициони зафати во текот на 2017 година ќе продолжат за населените места Иловица и Штука.

## План и програма за работа и развој на одделение -фабрика за преработка вода

**Одделението-фабрика за *преработка на* вода ги врши следните работи:**

- Се организира работата во фабриката за преработка на вода
- Редовно преработка на квалитетна вода, редовно превентивно одржување на машини и опрема како и редовно и навремено снабдување со суровини, хемикалии, опрема, алат и мазива
- Редовно мерење на резидуалниот хлор и другите технолошки параметри, изработка на нормативи за дозирање,
- Припрема на реагенси за изготвување на хемиски анализи како и одржување на хигиената на целокупниот лабораториски инвентар

-Се врши преработка на квалитетна вода и нејзино складирање до проточните резорвоари.
Во склоп на ова одделение е Ф-ката за преработка на вода „Иловица„
-Кадровска покриеност на одделението Ф-ка за преработка на вода
За извршување на работните задачи одделението располага со следниов персонал:

| | |
|---|---|
| -Раководител - дипл.маш.инж. | 1(еден извршител) |
| -Одговорен сменоводител- ел. техн.,маш.техн. | 2(два извршители) |
| Оператор-ел. техн. | 3(три извршители) |
| Лаборант-хем.-тех. техн. | 1(еден извршител) |

Опис на ф-ка за преработка на вода ,,Иловица„

Фабриката за преработка на вода „Иловица„ во Општина Босилово е проектирана за преработка на површинска вода од акумулацијата „Иловица„ до степен на вода за пиење.Максималниот проектиран капацитет на преработка е 44 л/с или 160 м3/х.Техничкото решение овозможува работа со променлив капацитет односно режим на преработка.
Фазите и чекорите на преработка на површинската вода во ФПВ „Иловица„го следат текот прикажан на дијаграмот ,односно:

Предтретман се изведува во две комори со капацитет од 70м3 каде се врши аерација и озонорање на влезната сурова вода ,и гравитационо таложење на водата во базен со капацитет 380м3.

*Коагулација и Флокулација* ,се изведува во базени со волумен 129м3 ,со дозирање и мешање на раствори на алуминиум сулфат (15%) и анјонски флокулант (0.1 %) како и по потреба дозирање на раствори на натриум хидроксид и на хлороводородна киселина кои покрај за коагулација се применуваат и за корекција на ph вредноста на водата.

*Таложење(Седиментација)*,таложењето се врши во хоризонтален базен со волумен од 95м3, во кој косо се поставени ламели, насобраниот талог се празни (исфрла) гравитационо и преку цевовод се испушта во базен за талог.

*Филтрирање*(филтрирање под притисок) ,филтрирањето се изведува во брзи затворени филтри под притисок ,низ хетероген слој од кварцен песок и антрацит и брзина на филтрирање до 15 м/х.

*Дезинфекција* -Филтрираната вода се дезинфецира со течен хлор(натриум хипохлорит) ,према зададениот проток на преработка-(работен режим).

-Анализа и контрола на квалитетот на водата

Фабриката за преработка на вода „Иловица„согласно имплементираниот ХАЦЦП систем има воспоставен интерен мерен систем за контрола и управување со преработувачкиот процес ,со оглед на тоа се врши постојано следење и запис на примарните квалитативни параметри(технолошки).

Од страна на центарот за јавно здравје- Струмица и во текот на 2017 година ќе бидат земени примероци од разни мерни точки во дистрибутивната водоводна мрежа со цел испитување и анализа на квалитетот на водата тоа : физичко-хемиска исправност, микробиолошка , како и бактериолошка исправност.Согласно законската обврска исто така во текот на 2017 година ќе бидат носени примероци на преработена вода и во Институт за Јавно Здравје на РМ - Скопје. со цел целосна и сеопфатна анализа на водата.И во текот на 2017 година навремено ќе бидат набавувани потребните хемикалии, и реагенси .

-Тековно превентивно одржување

И во текот на 2017 година задачите кои произлегуваат од превентивното одржување( замена на потрошни материјали, чистење , подмачкувања , подесувања ) ќе се вршат навремено со цел непрекинато течење на преработувачкиот процес според однапред

утврден план , како и според инструкциите во техничките документации на опремите .
Со цел непречено одвивање на преработувачкиот процесс во Ф-ката за преработка на вода ,,Иловица ,, и во текот на 2017 година навремено ќе бидат набавувани потребните делови , како и електронски елементи кои треба да бидат заменети.
-Инвестиционо одржување
Со цел подобрување на преработувачкиот процес во текот на 2017 година треба да се остварат следниве Инвестициони зафати :
-Набавка и замена на потребната количина на песок и антрацит во двата песочни притисни филтри.
-Набавка на потребните електронски процесни мерачи (протокомер, мерач на диф. притисок, пХ- сонда , буффер течности за калибрирање, мерачи за притисок -прекинувачи)
-Инсталирање на нов систем за ознирање на водата во предтретман
-Набавка на две дозирни пумпи
-Набавка на една рачна претоварна пумпа

**-РАЦИОНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛ.ЕНЕРГИЈА**

За намалување и оптимизација на потрошувачката на ел.енергија потребно еда се воведе:
1.Компензација на реактивната енергија
2.Регулирање на брзината (и протокот) на ел.моторите од пумпите,
Односно да се следат наодите претставени во : Акционен план - ЈПКД "Огражден"Босилово Тех.бр. 40ЕЕПА16.

## СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Овој сектор се состои од :
- Одделение за јавна хигиена
- Одделение за електро одржување

Програмата за одржување на комунална хигиена за подрачјето на Општина Босилово е изработено согласно Законот за комунални дејности и Законот со управување на отпад. Поблиски односи за правата и обврските помеѓу давателот на услугата и корисникот на услугата регулирани се и со Одлука за комунален ред на Општина Босилово.
Со програмата во одделението за јавна хигиена ќе биде опфатено:

1. Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
2. Одржување и чистота на јавни површини
3. Одржување на паркови и зеленило

-Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад со програмата се опфатени населените места во Општина Босилово каде што и досега е вршено услуга. Во зависност од бројот на корисниците на услуга утврдена е динамиката за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад.
За да се надминат проблемите околу навременото собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад планирано е да се набави уште еден камион за собирање на комунален отпад се со цел да се постигне саканиот ефект.

-Одржување и чистота на јавни површини
Одржувањето на јавни површини подразбира чистење на јавните површини (метење и миење) кои зависат од повеке параметри:
-густина на население
-фрекфенција на луге и моторни возила
-нечистотија
-план за одржување
-социјални, културни и останати особености и навики на граганите.
Чистењето на јавните површини се врши преку
-рачно метење
-рачно миење
Динамиката и начинот на чистење на јавните површини се утврдуваат во зависност од временскиот период.
-Одржување на паркови и зеленило
ЈПКД„ОГРАЖДЕН„ Босилово ке ги одржува парковите и тревниците кои имаат тренд на зголемување. Одржувањето на истите се врши со:
-машинско косење
-полевање
-кастрење
-садење на нови дрвја
Нивното одржување и уредување од страна на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ ке се врши постојано а опфака полевање на површината, косење на тревата, окопување на цвеке и чистење на отпадоци од самата зелена површина.
Покрај одржувањето на зелените површини работниците ке се грижат и за кроење на засеаните дрвја како и садење на нови дрвја на места каде е потребно. За одвивање на овие активности

претпријатието располага со работници кои во целост ке ги покриваат дадените работни задачи.
Секторот за комунална хигиена во 2017 година ке постапува и по решенија на комуналниот инспектор, по повик на граганите и правни лица во однос на создадени критични точки, во поглед на места кои не се предвидени во програмата.
Депонирањето на комуналниот отпад ке се врши на депонии кои се од времен карактер во населените места каде се собира отпадот. Проблемот со расфрлените депонии низ населените места планираме да го решиме со наше залагање за одредување на едно место каде ќе се остава сметот но секако и негово редовно затрупување. На депонијата во с. Босилово имаме дежурни работници кои вршат како надзор така и штитење на самото место од елементарни непогоди.
Одржувањето на депониите кои се од времен карактер ке се врши со редовно затрупување на сметот а секако и нивно чистење со помош на Скипер-Багер кој е во сопственост на ЈПКД„Огражден„Босилово.
Редовните работни активности во овој дел од секторот вработените ги вршат со едно возило камион (губрарка) и еден трактор со приколка.
Одделението за електро одржување ќе биде насочено кон уличното и јавно осветлување и истото ке се одржува во исправна состојба и во 2017 година. И понатаму ке продолжи проширувањето на мрежата за улично осветлување во сите населени места во Општина Босилово со сервисирање и менување на дотраените сијалици. И во 2017 година најмногу ке се залагаме за поставување нови улични осветлување и тоа во оние населени места кои имаат најмал коефициент на покриеност, мегутоа тоа не значи дека другите населени места ке бидат запоставени. Редовните работни активности вработените од овој сектор ги извршуваат тековно према потребите со помош на моторно возило со дигалка . За таа потреба ке ни бидат потребни нови сијалици (формели) кабел и економски флороцентни сијалици.

## СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ

Секторот за финансиско и сметководствено работење се состои од :
- Одделение за сметководство и финансиска оператива
- Одделение за јавни набавки

Во 2017 година како и досега ке се вршат активности со цел да се обезбеди ажурно водење на целокупното материјално- финансиски работење според Законот за сметководство и мегународните сметководствени стандарти. Вработените во ова одделението ке се грижат за навремено доставување на финансиски документи од комерцијалниот сектор, материјалната евиденција од магацинот, изводите за состојбата на парични средства во деловните банки. По нивно прибирање ќе подготвува документацијата и ќе ја ажурира во книговодствени книги. Секојдневно ќе изготвува касови извештаи односно евендентирање на благајничките извештаи и истите ќе ги ажурира во сметководствените книги. Ќе се врши месечна пресметка на плати и нејзино реализирање преку исплата на придонеси, персонален данок и нето плата. Ќе се изготвува месечна пресметка на ДДВ со евендитирање на влезните и излезните фактури. Ќе изготвува месечна и годишна пресметка на данокот на добивка и тромесечни и годишни финансиски извештаи. Аналитичкото раскнижување на сите уплати по каса прими, банкови изводи, и други финансови документи на домакинства ќе се изготвува секојдневно и ќе се доставуваат секојдневни групни извештаи по инкасатори.

Други годишни активности на одделението за сметководство и финансиска оператива кои се планираат во 2017 година се:

-редовно читање и контрола на водомери (евиденција во месечни книги, список на неисправни водомери и контрола на големи потрошувачи)

-изготвување и внес на податоци за месечни сметки и фактури

-компјутерска обработка на податоци

-финансиско задолжување по корисник по шифри за физички и правни лица

-редовна и навремена достава на сметки и фактури

-фактурирање на останати услуги и извршени работи

-наплата на побарување ( на лице место при доставување, преку благајна, Македонска Пошта и преку банков извод)

-редовно раздолжување на сметки од инкасатори

-склучување на договори за водоснабдување со сите корисници

-изготвување и припрема на тужби за неплатени сметки

Посебно внимание и осврт треба да се обрне на наплатата на паричните побарување како проблем со кој се соочуваме, и тоа на зголемување на процентот на наплата со преземање на одредени мерки:
-повеке контакти на инкасаторите на лице место со корисниците на услуга
-редовност во контрола на состојба на водомерите
-пријавување на неисправни водомери за поправки и баждирање
-укажување на неплатените побарување
-исклучување на нередовните плакачи по доставената опомена и решение за исклучување
-склучување на договор/спогодба за наплата на заостанат долг
Како и секоја година така и во 2017 година одделението за јавни набавки ќе изготви годишен план согласно законските прописи и набавки со транспарентност, за набавените потребни стоки , услуги и работи да се набавуваат без поголеми залихи, како не би се затварале финансиски средства непотребно. Како и секоја година така и во 2017година ќе се залагаме да од Советот за јавни набавки добиваме решенија со согласност за реализација на јавната набавка за да набавките ги вршиме според законските норми се со цел да не се соочиме со недостиг на материјали за да бидеме во можност да непрекинато и ажурно ги извршуваме секојдневните работни задачи а граѓаните бидат задоволни од нас како јавно претпријатие.
Што се однесува до набавките на нови основни средства кои се планираат, ке бидат извршени доколку бидат обезбедени финансиски средства.

## СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Секторот за општи и правни работи се состои од:
- Одделение за општи и правни работи
- Одделение за човечки ресурси

И во 2017 година како и до сега ке врши спроведување на законите за комунални дејности, а ке се усогласи и работењето на претпријатието согласно можните измени и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Ке се продолжи со склучување на договори за снабдување со вода пиење со корисниците на услуги.

По потреба ке се изработуваат акти на претпријатието. Ке се спроведува постапка за јавни набавки.
Пред надлежни судови и органи ке се спроведуваат постапки преку поднесување на тужби , и следење на постапката до нивно реализе-
рање а ке се поведуваат и извршни постапки за што ке се води судски деловник. Ке се подготвуваат седници на Управниот и Надзорниот одбор и ке се водат записници, одлуки и заклучоци кои произлегуваат од нив.
Редовно ке се води и организира архивата и архивското работење на претпријатието согласно Законите и уредбите за канцелариско и архивско работење. Со оглед на тоа дека современата технологија многу бргу напредува во 2017 година ќе правиме напори да бидеме и ние како претпијатие во тек и со нови технологии и да воведеме и електронски систем за водење на архивата и автоматска обработка на податоците но се разбира доколку можеме да обезбедиме финансиски средства за таа намена.
По потреба ке се вршат и други општи и правни работи во претпријатието.

**ЈПКД „ОГРАЖДЕН „Босилово**
**Директор Никола Ѓоргиев**